

ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“

Петре Наковски е еден од видните поранешни дипломати, кој покрај дипломатската дејност како прв амбасадор на независна Република Македонија во Република Полска, се занимава со пишување романи и преведување. Тој е скопски Преспанец со длабоки егејски корени, а кои изградил прекрасен дом во Долно Дупени, недалеку од Преспанското Езеро, каде поминува голем дел од неговите пензионерски денови

Тој е автор на книгите: „Постела за чемерните“ (1985); „Македонски деца во Полска“ (1948-1968), (докторски труд); „И каменот е земја“ (1988); „Големата удолница“ (2003); „Големата измама“ (издадена и на англиски јазик) (2007); „Македонските бегалци во Полска“ (1948-1975, 2008) и „На пат со времето“ (2010), издадена и на англиски јазик, а во превод на познатиот писател Ристо Стефов од Канада.Добитник е на наградите:

„Златно перо“, Награда на полските автори и полските одликувања: „Златен медал за заслуги за полската култура“ и „Златен орден на командоријата“.

Петре Наковски е роден на 17 јули 1937 година во селото Крчишта (Палианемон), Костурско, Егејска Македонија. Тој е едно од децата протерани од своите корени во текот на Ѓраѓанската војна во Грција.

Инаку, според историскиот развој и пишаните документи, неговото родно село Крчишта се наоѓа на дваесеттина километри западно од Костур во непосредна близина на грчко-албанската граница, сместено на површина на надморска височина од околу илјада метри. Како и голем број на села во тој регион на Егејска Македонија, до Граѓанската војна во Грција било чисто македонска населба. До неговото растурање и бришење од географската карта не претрпело никакви етнички измени. Тоа било мало македонско село со околу педесетина куќи, од кои имало одреден број печалбари во прекуокеанските земји во периодот меѓу двете светски војни. Меѓутоа, од 1961 година селото се испустило и се води без население. Десет години по протерувањето на Македонците, грчките „демократски“ власти како што направиле во најголемиот број македонски села, така и во Крчишта, населиле православни турски бегалци (Просфиги).







Благој САРЕКАТИН